# УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ОД ОСОБЕНА ВАЖНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Актуелните случувања во услови на светска пандемија како и негативните последици од почитувањето на превентивните мерки и препораки за заштита и превенција од ширење на корона вирусот КОВИД 19, итно ја наметна потребата Владата на РСМ да донесе низа уредби со законска сила со цел олеснување и ефикасна примена на важечките законски регулативи кои во овој период се ограничени и не се од еднаква корист за сите граѓани. Важноста и итноста во донесувањето на владините Уредби со законска сила треба да го олесни животниот процес и во период на вонредна состојба, како економски така подеднакво и во процесот на остварување на законските права особено за најранливата категорија граѓани кои во овој тежок период се пропорционално повеќе погодени и дополнително изложени на ризик од сиромаштија и маргинализација.

Здружението ЕСЕ настојува благовремено да ја информира пошироката јавност по однос на донесените владини Уредби со законска сила за кои сметаме дека се од исклучителна важност и се адекватни на потребите на граѓаните во периодот на вонредната состојба и завршувањето на почитувањето на превентивните мерки од пандемијата со корона вирусот КОВИД-19. Во таа смисла, од приоритетна важност за повеќето граѓани се следниве Уредби со законска сила:

1. **Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба** со која се уредува постапката за добивање на минимална гарантирана помош за материјално необезбедените домаќинства за месец април и мај 2020 година. Воедно, домаќинствата кои користат гарантирана минимална помош со оваа уредба имаат можност да остварат и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и за месеците април и мај 2020 година. Притоа, барателот односно корисникот на оваа социјална услуга е должен писмено или електронски да го извести надлежниот центар за социјални работи во рок од 30 дена за секоја настаната промена на фактите или околностите кои се услов за исполнетост во постапка за користење на ова право.

2. **Уредба со законска сила за примена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба** со која престануваат роковите кои согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност истекуваат за време на траење на вонредната состојба и истите се продолжуваат за 30 дена од денот на истекот на траење на вонредната состојба.

3. **Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на децата за време на вонредната состојба** со која престануваат да течат роковите кои се определени за поднесување барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување – продолжување на правото на родителски додаток за трето и четврто дете за време на вонредната состојба. Поточно, роковите со оваа уредба се продолжуваат за три месеци од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. По однос на исплата за додаток за образование со уредбата е утврдено дека до крајот на наставната година нема да се врши проверка за реализирани наставни часови за третиот и четвртиот мерен период од учебната 2019/2020 година.

**Со особена важност, настојуваме да ги запознаеме граѓаните за нивните права но и обврски предвидени со овие уредби. Тоа значи дека граѓаните имаат можност и право, само во точно утврдениот период и пропишани услови да се стекнат со погодности за себе односно имаат обврска да ги запазуваат роковите и навремено да ги пријават променетите околности предвидени во уредбите.**